**Година 2004, januари , број 24**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## АКТИВНОСТИ

Иако се наоѓаме во периодот на зимската пауза, бројни активности се пред нас.

Тоа се: реконструкција на студиите и нивниот режим, промоција, отворен ден, изработка на прегледите за континуирана проверка на знаењата од изминатиот семестар, испит, и т. н.

Да ја вложиме сета енергија во таа насока.

## СТИПЕНДИИ

Федералниот јавен сервис на Белгија стави на располагање Програма за стипендии на кандидати од Р. Македонија за истражувања во 2004 година во траење од 6 до 12 месеци. Тие се наменети за истражувачи на високо ниво кои имаат желба да вршат научни истражувања во соодветни институции во Белгија скоро во сите научни области.

Подетални информации за добивање на овие стипендии како и формулари за поднесување на кандидатура може да се добијат на следната веб страна: www.belspo.be под рубриката "FEDRA". Заинтересираните кандидати своите кандидатури треба да ги поднесат најдоцна до 31.01.2004.

## ТЕРЕНСКА НАСТАВА

На ден 14.01 2004 студентите од деветИ семестар, насока ПМ заедно со проф. д-р Владимир Дуковски, вон. проф д-р Зоран Пандилов и асс. д-р Глигорче Вртаноски извршија теренска настава.

При тоа тие остварија посета на фирмите "Микросам" и "Еуроинвест" во Прилеп и се запознаа со нивниот производен процес и работа.

## ПРОМОЦИЈА

Традиционално, промоцијата на дипломирани студенти ќе се одржи во последниот петок од зимскиот распуст. Овој пат тоа е на ден 13.02.2004 во 11 часот во амфитеатарот. Во истата прилика ќе бидат доделени и награди на најуспешните во студирањето и другите активности.



Координатор на оваа активност е продеканот за настава, проф. Д-р Миколај Кузиновски. Присуството на наставниот кадар и останатите на овој настан е повеќе од пожелно.

## МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

На 14.01.2004 година, својот магистерски труд го одбрани дипл.инж. Магдалена Крстаноски.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Душан Чакмаков, на 18 и 19.12.2003 година, оствари посета на повеќе институции во Солун, Грција, заинтересирани за воведување на нови технологии поврзани со препознавање на облици.
2. Проф. д-р Јован Гочев од 11.01 до 18.01.2004 година, во својство на стручно лице престојува во Кина заради присуство на испитувањата на предтурбинскиот затварач на притисок на делот од машинската опрема наменета за ХЕЦ "Козјак".
3. Доц. д-р Атанас Кочов од 10.01.2004 до 10.09.2004 студиски престој во САД, како добитник на Фулбрајтова стипендија.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**29.01.2004**
**36 СЕДНИЦА НА ННС**

**13.02.2004**
**ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ**

**26.02.2004**
**37 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***